Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**февруари, 2022 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ..... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5

Инфлација ..... 6

Берзански цени ..... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ..... 9

Увоз ..... 10

Салдо на трговска размена ..... 11

Валутна структура ..... 12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ..... 12

Буџетски расходи според економската класификација ..... 13

Расходи по буџетски корисници ..... 14

Буџетско салдо ..... 16

4. Социјален сектор

Новововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 16

Плати ..... 17

Пензии ..... 18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ..... 19

Депозитен потенцијал ..... 19

Кредити на банките ..... 20

Каматни стапки на депозитни банки ..... 21

Пазар на капитал ..... 21

Девизни резерви ..... 21

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2022 година

- Индустриското производство во февруари 2022 година забележа раст од 6,3% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во февруари 2022 година регистрираа забрзан годишен раст од 7,6%;
- Во периодот јануари - февруари 2022 година извозот забележа раст од 13,4%, а увозот раст од 30,5%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 92,0%, споредено со истиот период од 2021 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2022 година изнесуваа 35.619 милиони денари, односно 4,6% од БДП, што претставува повисоко остварување за 14,0% во однос на истиот период од 2021 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2022 година изнесуваа 42.474 милиони денари, односно 5,5% од БДП, што е за 15,7% повеќе во однос на претходната година;
- Вкупните кредити на банките во февруари 2022 година се зголемија за 8,9% во споредба со февруари 2021 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во февруари 2022 година забележа раст од 6,3% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се јавува како последица на зголеменото производство во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 4,0% (придонес од 3,2 п.п.), Рударство и вадење камен од 25,2% (придонес од 2,5 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација од 9,6% (придонес од 0,8 п.п.).

Графикон 1.1: Индустриско производство (стапки на раст во %)




Извор: ДЗС.

Графикон 1.2: Структура на растот на индустријата (придонеси во п.п.)




Извор: ДЗС.

Раст на производството во февруари 2022 година бележат 19 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 67,0% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во февруари 2022 година е забележан кај производството на електрична опрема од 16,9% и придонес од 1,1 п.п., кај производството на моторни возила од 4,1% и придонес од 0,3 п.п., како и кај производството на машини и уреди од 4,6% и придонес од 0,3 п.п.. Од традиционалните гранки, во февруари 2022 година производството на тутунски производи забележа раст од 49,2% (придонес од 1,1 п.п.), додека кај производството на пијалаци е забележан пад од 29,1% (придонес од -1,1 п.п.), прехранбената

Графикон 1.3а: Гранки со позитивен придонес во растот (стапки на раст во %, февруари 2022 година)




Извор: ДЗС.

Графикон 1.3б: Гранки со негативен придонес во растот (стапки на раст во %, февруари 2022 година)




Извор: ДЗС.

индустрија опадна за 8,7% (придонес од -0,9 п.п.), а производството на текстил се намали за 14,5% (придонес од -0,8 п.п.).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Растот на производството според намената на произведените единици во февруари 2022 година е последица на зголеменото производство во сите гранки, освен кај нетрајни производи за широка потрошувачка, а растот е најизразит кај интермедијарните производи, освен енергија од 14,6% (придонес од 4,9 п.п.).

На кумулативна основа, во првите два месеца од 2022 година индустријата забележа раст од 3,6%, што се должи на зголеменото производство во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 30,6% (придонес од 3,1 п.п.), Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 12,4% (придонес од 1,0 п.п.) и Преработувачка индустрија од 0,1% (придонес од 0,1 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат вадењето руди на метал од 2,7 п.п. при раст од 56,0%, како и производството на други неметални минерални производи од 1,3 п.п. при раст од 29,4%.

Според намената на произведените единици, растот во периодот јануари – февруари 2022 година главно се должи на растот на производството во гранката Интермедијарни производи освен енергија од 8,3% (придонес од 2,8 п.п.), но и во гранките Трајни производи за широка потрошувачка од 40,7% (придонес од 1,8 п.п.) и Енергија од 16,9% (придонес од 1,7 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Графикон 14: Вработеност и продуктивност во индустријата
(стапки на раст во %)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Бројот на работници во индустријата во февруари 2022 година е намален за 2,3%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 3,8%, Преработувачка индустрија од 2,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,6%. Сепак, постојат гранки со релативно висок раст на вработеноста, како што се производството на хемикалии и хемиски производи со раст од 7,4% и производството на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 6,4%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2022 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има во групите нетрајните производи за широка потрошувачка од 7,9% и енергија од 5,4%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – февруари 2022 година бележи пад од 2,4%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно во Рударство и вадење камен од 3,2%, Преработувачка индустрија од 2,4% и во Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,5%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите два месеца од 2022 година е намален во групите енергија и нетрајни производи, а падот е најизразит во групата нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,5%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во февруари 2022 година е поповолна споредено со јануари 2022 година, а понеповолна во однос на истиот месец од 2021 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во февруари изнесува 67,4% од нормалното искористување, што претставува пад споредено со претходниот месец кога изнесувало 67,6%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 3,3 п.п..




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во февруари имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 19,2%, неизвесното економско окружување со 16,3%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,1% и недоволната домашна побарувачка со 12,5%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во февруари 2022 година во однос на јануари 2022 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се непроменети во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.




## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февруари 2022 година издадени се вкупно 250 одобренија за градење, што претставува пад од 27,7% споредено со февруари 2021 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 3,5%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година е пониска за 39,7%, а на месечна основа бележи пад од 52,1%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 138 (или 55,2%) се наменети за објекти од високоградба, 29 (или 11,6%) за објекти од нискоградба и 83 (или 33,2%) за реконструкција на

објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 250 издадени одобренија за градба, на 146 објекти (или 58,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 104 објекти (или 41,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во февруари 2022 година предвидена е изградба на 440 станови со вкупна корисна површина од 40.405 м². Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 24,6%, а на годишно ниво е намален за 51,5%.



Графикон 1.8: Предвидена вредност на објектите по региони (во милиони денари)

## Инфлација

Потрошувачките цени во февруари регистрираа забрзан годишен раст од 7,6% (6,7% во јануари 2022 година), што главно се должи на растот на цените на енергенсите и на храната. Цените на енергенсите во последните 2 месеца се зголемија како резултат на зголемувањето на цената на струјата за домаќинствата за 9,48% и на укинувањето на дневната евтина тарифа, согласно одлуката на РКЕ, а со мал придонес се одрази и одлуката за зголемување на крајната цена на испорачаната топлинска енергија во просек за 14,05%. Кумулативно, во првите два месеца од 2022 година стапката на инфлација изнесува 7,1%.



Графикон 1.9: Инфлација според COICOP (*стапки на раст во %*)

Базичната стапка на инфлација (инфлација во која е исклучено влијанието на цените на храната и на енергенсите) во феврури регистрира зголемување и изнесува 4,3% на годишна основа (3,2% во јануари 2022 година), главно како резултат на зголемените цени во категоријата Ресторани и хотели.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 9,6% на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа цените на лебот и житните производи (11,0%), зеленчукот (18,5%), овошјето (10,4%) и месото (6,2%). Цената на маслото во февруари регистрира заголемување од 23,8%.

Највисок годишен раст на цените во феврурари 2022 година е забележан во категоријата Транспорт од 19,4%, што е резултат на растот на цените на воздушниот сообраќај и на горивата, следен од порастот на цените во категориите: Домување,

вода, електрика, гас и други горива од 7,3%, Ресторани и хотели од 7,0%, Алкохолни пијалаци и тутун од 5,9%, Здравствена заштита од 2,9%, Рекреација и култура од 2,8%, Мебел, покуќнина и одржување од 2,7%, Облека и обувки од 1,1% и Образование од 0,2%. Намалување на цените на годишно ниво се забележува во категоријата Комуникации од 0,8%.

Потрошувачките цени во февруари 2022 година година се зголемија за 1,0% во однос на претходниот месец (во јануари беше регистриран раст од 1,5%). Зголемување на цените на месечно ниво сезабележува во категориите: Алкохолни пијалаци и тутун од 4,8%, Транспорт од 2,6%, Мебел, покуќнина и одржување од 1,2%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,8%, Здравствена заштита и Ресторани и хотели од по 0,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,4% и Комуникации од 0,1%. Пад на цените на месечно ниво е регистриран во категоријата Облека и обувки од 0,4%, додека цените во другите категории остана непроменети.

Графикон 1.10: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Цените на мало во февруари 2022 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 8,6%, а на месечна основа за 1,2%.

Во февруари 2022 година, стапката на инфлација во еврозоната регистрира забрзан раст и изнесува 5,8% на годишно ниво (5,1% во јануари). Растот на цените се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 31,7% (28,8% во јануари), следен од порастот на цените на храната, алкохолот и тутунот од 4,1% (3,5% во јануари), на неенергетските индустриски добра од 3,0% (2,1% во јануари) и на услугите од 2,5% (2,3% во јануари).

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во февруари 2022 година споредено со претходниот месец се зголеми за 12,0% и изнесува 95,8 долари за барел. Индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки поради пандемијата, па така во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното, меѓутоа со вакцинацијата и укинувањето на карантините агрегатната побарувачка имаше нагорен тренд на движење. Во ноември и декември 2021 година цената на нафтата регистрираше пад, но на почетокот од годинава истата се зголеми поради намалената понуда, односно поради загриженоста околу снабдувањето и политичките тензии во Источна

Графикон 1.11: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
(*цена во долари/барел; стапка на раст во %*)




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Европа и на Блискиот Исток, како и поради ограничувањата во снабдувањето од страна на водечките производители од Организацијата на земјите извозници на нафта (ОПЕК) и нивните сојузници предводени од Русија. На годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 54,6%.

Во февруари 2022 година, цената на природниот гас регистрираше пад од 0,4%. Цената на природниот гас од април 2021 година континуирано регистрира високи стапки на раст, меѓутоа во ноември индексот регистрираше пад, за да на крајот од годината повторно регистрира раст. На почетокот на 2022 година, цената на природниот гас регистрираше пад, а причината за падот е привременото намалување на тензиите меѓу Русија и Украина. На годишно ниво цената на природниот гас во февруари регистрираше зголемување од 102,6%. Таа регистрира забрзан раст во последните месеци како резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското закрепнување, но и затоа што сè повеќе држави се потпираат на природниот гас како енергенс што се употребува за загревање на домаќинствата и во индустриското производство, но и како резултат на напорите за истиснување на јагленот и за спроведување на зелената агенда. Земјите во Европа во овој период сé повеќе се соочуваат со ниски залихи на природен гас, меѓутоа дополнителен проблем претставуваат и непогодните временските услови како и намалувањето на количината на природен гас што Русија го испраќа во Европа преку Украина и намалувањето на производството од хидроцентралите.

Графикон 1.12: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на електиричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) во февруари 2022 година изнесува 194,3 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 5,1%, додека во споредба со февруари претходната година истата е зголемена за 282%.

Во февруари цените на повеќето основни метали бележат месечен раст, и тоа: на алуминиумот за 8,0%, па никелот за 7,4%, на калајот за 5,2%, на бакарот за 1,6% и на цинкот за 0,6%, додека цената на оловото се намали за 1,5%. Цената на железната руда регистрираше раст од 7,8%.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на истата сè до крајот на годината. Во 2021 година, цената на златото забележува наизменично движење, и од почетокот на 2022 година таа регистрира нагорни стапки на раст. Во февруари 2022 година цената на златото за зголеми за 2,2% на месечна основа. Трендот на

Графикон 1.13: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

месечен раст на цената го следеа и другите благородни метали, па така цената на платината се зголеми за 5,6%, а на среброто за 1,7%.

Цената на пченката на светските берзи во февруари 2022 година се зголеми за 5,8% на месечна основа.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите два месеца од 2022 година изнесува 3.004,6 милиони евра и бележи раст од 23,0% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - февруари 2022 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,9 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 60,2%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите два месеца од 2022 година изнесува 23,9% и е намалено за 5,2 п.п. во однос на истиот период од 2021 година.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - февруари 2022 година изнесува 1.216,4 милиони евра и бележи раст од 13,4% (143,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 4,2%.

Вредноста на извезените стоки во февруари 2022 година изнесува 670,4 милиони евра и бележи раст од 23,0% (125,2 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 7,4% споредено со февруари 2021 година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Графикон 2.3: Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

[1] Започнувајќи од февруари 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2022 година извозот бележи раст од 22,8% (124,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 13,5%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (9,2 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - февруари 2022 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 55,1% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - февруари 2022 година споредено со истиот период од 2021 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, додека пад има во групациите: ЕФТА и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 10,3% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 32,7%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,8% и 10,4%, соодветно.

Графикон 2.4: Структура на извозот по економска намена (учества во %)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - февруари 2022 година изнесува 1.788,2 милиона евра и бележи раст од 30,5% (417,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2021 година, а

Графикон 2.5: Структура на увозот по економска намена (учества во %)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

физичкиот обем на увозот бележи раст од 10,5%.

Вредноста на увозот во февруари 2022 година изнесува 980,0 милиони евра, што претставува раст од 31,3% (233,4 милиони евра) во однос на истиот месец од 2021 година, а увезените количини стоки се на исто ниво споредено со февруари 2021 година.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2022 година увозот бележи раст од 21,3% (171,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 6,7%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (14,6 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2021 | I-II-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 7,9 | 6,8 | -1,1 | -14,5 |
| Мил.ЕУР | 265,0 | 381,3 | 116,3 | 43,9 |
| Мил.$ | 321,6 | 432,3 | 110,7 | 34,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2021 | I-II-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 5,1 | 4,6 | -0,5 | -10,3 |
| Мил.ЕУР | 36,5 | 30,4 | -6,1 | -16,8 |
| Мил.$ | 44,3 | 34,4 | -9,9 | -22,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2021 | I-II-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 122,8 | 131,1 | 8,3 | 6,8 |
| Мил.ЕУР | 107,9 | 146,5 | 38,5 | 35,7 |
| Мил.$ | 130,9 | 166,0 | 35,1 | 26,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2021 | I-II-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 108,1 | 150,4 | 42,3 | 39,1 |
| Мил.ЕУР | 59,3 | 120,3 | 61,0 | 102,9 |
| Мил.$ | 71,9 | 136,3 | 64,4 | 89,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2021 | I-II-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 14,1 | 13,1 | -0,9 | -6,7 |
| Мил.ЕУР | 160,5 | 177,1 | 16,5 | 10,3 |
| Мил.$ | 194,7 | 200,6 | 6,0 | 3,1 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2021 | I-II-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 10,2 | 11,7 | 1,5 | 14,7 |
| Мил.ЕУР | 120,2 | 145,4 | 25,2 | 20,9 |
| Мил.$ | 145,8 | 164,8 | 19,0 | 13,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - февруари 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 92,0% односно 274,0 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во февруари 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 53,7% односно 108,2 милиона евра споредено со февруари 2021 година.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци. Од друга страна, кон



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - февруари 2022 година, 89,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Турција, Србија, Русија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Унгарија, Шпанија и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,4% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2022 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2021 година претставува зголемување за 0,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,9% и 90,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,1 п.п., додека кај увозот е зголемена за 1,6 п.п. во однос на периодот јануари – февруари 2021 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I–II–2021 | | | | | I–II–2022 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 666,9 | 1.217.236.967 | 61,6393 | 75.029.634.602 | 88,8 | 835,5 | 1.617.061.751 | 61,6924 | 99.760.420.368 | 90,4 | 399.824.784 | 32,8 |
| УСД | 330,1 | 171.866.526 | 50,7779 | 8.727.021.268 | 10,3 | 266,6 | 180.344.564 | 54,4371 | 9.817.435.039 | 8,9 | 8.478.038 | 4,9 |
| ГБП | 0,3 | 2.509.272 | 69,7646 | 175.058.339 | 0,2 | 0,2 | 2.850.256 | 73,7176 | 210.114.015 | 0,2 | 340.984 | 13,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 997,3 | | | 83.931.714.209 | 99,1 | 1.102,3 | | | 109.787.969.422 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 999,6 | | | 84.476.835.584 | 100,0 | 1.104,6 | | | 110.320.658.618 | 100,0 | | 30,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2022 година изнесуваа 35.619 милиони денари, односно 4,6% од БДП, што претставува повисоко остварување за 14,0% во однос на истиот период од 2021 година. Ова е тринаесетти последователен месец во кој е забележан годишен раст на приходите. Растот е резултат и на пониските приходи во претходната година кога се почувствуваа значителни негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Графикон 3.1: Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Даночните приходи се реализирани во износ од 21.066 милиони денари и се повисоки за 18,3% во однос на периодот јануари – февруари 2021 година, најмногу како резултат на високиот раст на приходите од данокот на додадена вредност (ДДВ) и од персоналниот данок на доход.

Приходите од ДДВ стандардно имаат доминантно учество од 52,9% во вкупните даночни приходи со остварен износ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

од 11.140 милиони денари, што претставува зголемување од високи 30,9% во однос на истиот период претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 17.634 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 6.494 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 41,0%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 62,8%, споредено со периодот јануари – февруари 2021 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 55,4%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 17,7%.

Акцизите се остварени во износ од 3.841 милион денари (учество од 18,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 3,4% во споредба со периодот јануари – февруари 2021 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 14.981 милион денари, што претставува 71,1% од вкупните даночни приходи во првите два месеца од 2022 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 3.128 милиони денари и бележат раст од 14,3% на годишна основа, а притоа 65,5% од приходите се од плата и други лични примања, 8,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 7,9% од приходи по основ на договор на дело, 6,5% од приходи од капитал и 11,8% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 1.507 милиони денари и забележаа намалено остварување за 8,4% во однос на првите два месеца претходната година како резултат на неповолните остварувања кај даночните биланси коишто бележат значително намалување за 41,7%, како и кај месечните аконтации коишто се намалени за 0,2%.

Приходите од царина се остварени во износ од 1.344 милиони денари и забележаа зголемување од 22,3%. Приходите од други даноци со остварен износ од 106 милиони денари забележаа зголемено остварување за 10,4% во однос на првите два месеца од 2021 година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 10.994 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,7% споредено со периодот јануари – февруари претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 6,0%, кај придонесите за вработување за 5,8%, а кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 5,6%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 2.362 милиона денари и во однос на периодот јануари – февруари 2021 година забележаа повисоко остварување за 7,1% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 185 милиони денари, што е зголемување за 48,0% во однос на првите два месеца минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 499 милиони денари и се пониски за 6,4% во спроедба со периодот јануари – февруари 2021 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2022 година изнесуваа 42.474 милиони денари, односно 5,5% од БДП, што е за 15,7% повеќе во однос на претходната година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 39.396 милиони денари учествуваа со 92,8% и се зголемени за 15,1% во однос на периодот јануари – февруари 2021 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 5.140 милиони денари, што претставува зголемување за 3,0% на годишна основа, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,1%.

Графикон 3.2: Расходи по категории
(износи во милиони денари)




Извор: МФ.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 2.237 милиони денари и споредено со истиот период од 2021 година забележаа намалување од 8,2%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 30.488 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 20,2% споредено со периодот јануари – февруари 2021 година и учествуваа со 71,8% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 6,8% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 20.341 милион денари, со што истите учествуваат во вкупните расходи со 47,9%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 12.320 милиони денари, што е зголемување за 4,4% споредено со периодот јануари – февруари 2021 година и учествуваат со 29,0% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери е регистриран висок раст од 68,2%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 6.225 милиони денари и се зголемени за повеќе од два и пол пати на годишна основа. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 3.203 милиони денари забележаа миимален раст во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 3.078 милиони денари со структурно учество од 7,2% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација (раст од 24,7%) во споредба со првите два месеца од 2021 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – февруари 2022 година реализираше 8.253 милиони денари или 16,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,4%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 5.649 милиони денари или 16,6% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,8% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 17,1% (1.882 милиона денари) од планираните за 2022 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Владата на Република Македонија во првите два месеца од 2022 година реализираше вкупно 5.388 милиони денари, односно 55,3% од планираните средства за 2022 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со високи 74,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 4.036 милиони денари (56,3% од предвидените средства).

Графикон 33: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (јануари – февруари 2022 година)




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 4.196 милиони денари, што е 14,5% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (64,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 2.723 милиони денари или 16,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 18,2%, за што се потрошени 762 милиона денари, односно 16,3% од вкупно предвидените.

Преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4], во периодот јануари – февруари 2022 година реализирани се 3.889 милиони денари, што претставува 13,2% од предвидените за тековната година. Каматни плаќања (1.529 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 39,3%, а притоа се реализирани 15,0% од планираните. Значајна ставка е и капитални расходи за којашто се издвоени 1.100 милиони денари (29,1% од планираното), односно 28,3% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 1.928 милиони денари, што претставува 16,2% од сопствениот буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 67,2%, за што се потрошени 1.296 милиони денари или 15,8% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 24,4%, за што се реализирани 471 милион денари или 20,9% од годишниот план.

Министерството за одбрана во првите два месеца од 2022 година реализираше буџетски средства во износ од 1.302 милиона денари, што е 9,5% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци имаат најголемо учество во расходите со 53,0%, за што во овој период се реализирани 691 милион денари (15,8% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествуваат со 30,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 396 милиони денари, односно 13,1% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – февруари 2022 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 681 милион денари што претставува 11,1% од планираните средства за тековната година. Од овој износ, доминантно учество (96,1%) отпаѓа на субвенции и трансфери, за што

---

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

се потрошени 654 милиони денари или 13,9% од вкупно планираните средства за 2022 година.

Министерството за здравство во првите два месеца од 2022 година изврши буџетски средства во износ од 421 милион денари, што е само 5,6% од вкупниот буџет за 2022 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат доминантно учество со 59,2% за што се потрошени 249 милиони денари или 8,3% од предвидените средства. Капитални расходи е втора најзначајна ставка со учество во вкупните расходи за овој буџетски корисник од 22,1%, за што во овој период се потрошени 93 милиони денари или 7,5% од средствата наменети за 2022 година.

Министерството за транспорт и врски во анализираниот период реализираше средства во износ од 263 милиони денари, што е 2,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 52,6% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник, за што се исплатени 138 милиони денари или 1,3% од предвидените средства за тековната година.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – февруари 2022 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 6.855 милиони денари, што претставува 0,9% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 5.520 милиони денари и претставува 0,7% од БДП. Буџетскиот дефицит во првите два месеца од 2022 година изнесува 20,4% од вкупно планираниот буџетски дефицит за 2022 година.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите два месеца од 2022 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 32.075 новозасновани работни односи. Споредено со истиот период од 2021 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 17,3%. Високиот раст, меѓу другото, е резултат и на базниот ефект, откако во истиот период минатата година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Од вкупниот број нововработени, 39,7% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозаснованите работни односи во февруари 2022 година, 21,2% се од евиденцијата на невработени.



Графикон 42: Преглед на нови вработувања
(износи во единици)
Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во февруари 2022 година изнесува 177.432, од кои 127.037 се активни баратели на работа, а 50.395 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец од 2021 година, вкупниот број невработени лица е намален за високи 29,1%. На месечна основа, бројот на невработени е намален за 364 лица, со што ова е дванаесетти месец по ред во кој е регистриран пад на бројот на невработени, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година овој број генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (60,9%) се градско население, а според половата структура 49,1% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,6%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,1% се со завршено средно образование, додека 8,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.



Графикон 43: Просечна нето-плата
(годишни стапки на раст во %)
Извор: ДЗС.

Анализирано според старосната структура, 50,2% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 69,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јануари 2022 година оствари годишен раст од 6,0%, а во однос на декември 2021 година истата е повисока за 0,1%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јануари 2021 година се забележува во следните сектори: Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (13,9%), Други услужни дејности (13,8%) и Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли



**Графикон 44:** Просечна нето-плата по сектори
(годишни стапки на раст во %)
Извор: ДЗС.

(11,0%). Реалните плати во јануари 2022 година забележаа годишен пад од 0,6%.

Просечната номинална бруто-плата во јануари 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година порасна за 6,1%, а на месечна основа истата е повисока за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јануари 2022 година во однос на јануари 2021 година се забележува во следните сектори: Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (14,2%), Други услужни дејности (14,0%) и Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (10,7%). Реалната бруто-плата во јануари забележа годишен пад од 0,6%.

## Пензии

Во февруари 2022 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 325.636 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,9% се корисници на старосна пензија, 23,1% се корисници на семејна пензија и 9,0% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во февруари 2022 година изнесува 16.274 денари и истата е за 4,3% повисока во однос на истиот месец од 2021 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2022 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,9%.

Просечната старосна пензија во јануари 2022 година изнесува 17.592 денара, просечната инвалидска пензија изнесува 14.657 денари, а просечната семејна пензија 13.031 денар. За исплата на пензиите во февруари 2022 година се потрошени 5.212 милиона денари, што претставува 51,8% од вкупните социјални трансфери.

Графикон 4.5: Корисници на пензии и просечна пензија
(корисници во единици; просечна пензија во денари)



Извор: ФПИОСМ.

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во февруари 2022 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 1,25%, откако во првиот квартал претходната година ја намали за 0,25 п.п., од 1,5% на 1,25%, како резултат на олабавувањето на монетарната политика. Народната банка ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати во 2020 година со цел поддршка на економската активност и заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во февруари 2022 година, примарните пари[6] се зголемија за 13,1% на годишно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 26,8%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 1,3%.




На месечно ниво, примарните пари се намалија за 0,3%, што е резултат на намалувањето на готовите пари во оптек за 1,3%, додека вкупните ликвидни средства на банките се зголемија за 0,8%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во февруари 2022 година се намалија за 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 2,4%, додека депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,5%.




Од аспект на валутата, во февруари 2022 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се намалија за 1,1%, додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,4%,

Вкупниот депозитен потенцијал во февруари 2022 година оствари раст од 6,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се намалија за 0,4% на годишно ниво, додека депозитите во странска валута се зголемија за 15,6%, споредено со истиот месец претходната година.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и на домаќинствата бележат раст од 12,1% и 6,0%, соодветно.

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 11,5%, а долгорочните депозити се намалија за 6,1%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 56,1 %.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (февруари 2022 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***462.742*** | ***-0,4%*** | ***6,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *259.416* | *-1,1%* | *-0,4%* |
| *Странска валута* | *203.326* | *0,4%* | *15,6%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *202.204* | *0,3%* | *11,5%* |
| *Долгорочни* | *96.798* | *-0,5%* | *-6,1%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***390.269*** | ***0,9%*** | ***8,9%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *231.313* | *0,6%* | *10,1%* |
| *Странска валута* | *158.956* | *1,2%* | *7,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *64.466* | *2,6%* | *10,7%,* |
| *Долгорочни* | *309.919* | *0,6%* | *9,1%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.492* | *-1,4%* | *6,7%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во февруари 2022 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон претпријатијата и кон домаќинствата се зголемија за 1,2% и 0,5%, соодветно. Од аспект на валутата, во февруари 2022 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,6%, а девизните кредити за 1,2%.

На годишна основа, во февруари 2022 година вкупните кредити се зголемија за 8,9%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,8% и раст на кредитите кон претпријатијата од 9,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,1%, а кредитите во странска валута за 7,1%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,1%, а краткорочните кредити од 10,7%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во февруари 2022 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,33%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 4,61%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 3,99%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во февруари 2022 година изнесува 0,71% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е исто така непроменета на месечно ниво и изнесува 1,03%, додека каматната стапка на девизните депозити е зголемена за 0,01 п.п. и изнесува 0,45%

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во февруари 2022 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 18,4% на месечно ниво како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за 101,2%, додека прометот од класичното тргување регистрираше пад од 15,6%.

Вкупниот промет на берзата во февруари 2022 година изнесуваше 1067,2 милиона денари и истиот е зголемен за 6,2% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на февруари 2022 година изнесуваше 5.819,46 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 6,5%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 16,2%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на февруари 2022 година изнесуваа 3.382,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 2,4%, а во однос на февруари 2021 година регистрираа раст од 2,6%.